Уп. бр. 08-151

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД со регистрирано седиште на ул. Батајнички друм бб, Белград - Земун, Србија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.11.2025 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД со регистрирано седиште на ул. Батајнички друм бб, Белград - Земун, Србија ќе стекне целосна контрола над Санофарм д.о.о., со регистрирано седиште на Индустријска 6р, 6310 Изола, Словенија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.10.2025 година, а дополнето на ден 29.10.2025година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД со регистрирано седиште на ул. Батајнички друм бб,

Белград- Земун, Србија, со кое ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД ќе стекне целосна контрола над Санофарм д.о.о.,со регистрирано седиште на Индустријска 6р, 6310 Изола, Словенија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД** е основана во 1945 година, а од 2017 година е дел од бразилската Групација НК. Претежната дејност на ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД е производството на фармацевтски препарати, најчесто лекови што се издаваат на рецепт. Помал дел од асортиманот на ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД вклучува производи кои можат да се издаваат без лекарски рецепт, како и одредени производи наменети за употреба во професионална стоматолошка ординација.

Најважните брендови на друштвото ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД се: Палитрекс (*Palitrex*), Бензедин (Bensedin), Ксалол (*Ksalol*), Спиронолактон (*Spironolakton*), Диклофен (*Diklofen*), Дексасон (*Dexason*), Синацилин (*Sinacilin*), Пантенол (*Pantenol*), Олиговит (*Oligovit*), Биогал (*Biogal*), Флорогал (*Flourogal*) и многу други.

Друштвото ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД го врши процесот на производство на фармацевтски производи во пет одделни производствени погони, чиј вкупен годишен производствен капацитет е околу 81 милион пакети. Сите производствени погони се наоѓаат во Србија.

ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД има претставништво во Северна Македонија и тоа: **ГАЛЕНИКА АД Белград, Србија-ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ** со регистрирано седипте на булевар Кочо Рацин 14, Скопје и со приоротетна дејнист-истражување на пазарот и испитување на јавното мислење, како и **Друштво за услуги ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на булевар Кочо Рацин 14, Скопје – Центар и со приоритетна дејност- истражувања и експериметален развој во општествените и хуманистички науки.

ГАЛЕНИКА АД. БЕОГРАД е присутна во Република Северна Македонија со своите производи кои ги дистрибуира преку локалните трговци на големо со лекови.

-**Санофарм д.о.о**.е словенечка компанија која се занимава со увоз и дистрибуција на природни препарати – диететски суплементи од производители од Италија, Фармалајф Рисрч срл (*Pharmalife Research srl*) и ЕСИ срл (*ESI srl*). Санофарм д.о.о.е ексклузивен увозник и дистрибутер на препаратите на овие производители за Словенија и Хрватска.

Санофарм д.о.о. нема зависни друштва или претставништва во Северна Македонија, ниту генерира приход во Северна Македонија.

Предложената трансакција се однесува на пазарот на трговија на големо со фармацевтски производи што се издаваат без лекарски рецепт (*ОТС производи*) во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**